КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ , на седница одржана на ден 30.11.2016 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1111/3-1
30.11 2016 год.
СКОПЈЕ

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

Во случај кога е започнато извршување пред отварање на стечајна постапка, извршителот е должен да го прекине извршувањето.

Доколку е започнато извршување пред да се отвори стечајна постапка над должникот, а побарувањето е обезбедено и е признаено во постапката како разлачно право, извршувањето ќе продолжи пред извршителот каде е започнато. Но, ако одлучи доверителот да се намири во стечајната постапка, а побарувањето е обезбедено, ќе се намири во целост пред сите останати доверители.

Доколку станува збор за излачно право, утврдено врз основа на тужба, дозволено е да се спроведе извршување со цел излачно намирување на доверителот.

Доколку станува збор за извршна исправа во полза на доверител на стечајна маса, намирувањето ќе се спроведува според изборот на доверителот (член 146 од Законот за стечај ).

Во случај кога обрската настанала по отварање на стечајна постапка, а во врска со работењето на правното лице –во стечај кое го застапува стечајниот управник, за обврските што настанале по отварање на стечајната постапка, доверителите на овие обврски се доверители на стечајната маса и се намируваат пред сите останати доверители, при што извршувањето на извршната исправа спрема правното лице – во стечај, ќе ја спроведува извршител.

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Зоран Петрески

Бул. „ Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com